# ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
## сервисер/електроничар

RFix **(ЕРФИКС)** е фирма лабораторија за професионален сервис на ИТ опрема, конзоли за играње, таблети и електроника, BGA сервис, PCB (печатени електронски плочи) сервис, постгарантен сервис, микро лемење, репарирање на електронски компоненти како и продажба на резервни делови за сервис на истите.

Во потрага сме по сервисер/електроничар за сервис на ИТ опрема, конзоли за играње, таблети и електроника кој го говори јазикот на електронските шеми, кој има пасија кон расклопување на најновата ИТ технологија, нејзино тестирање како и користење на напредни технологии, софтвери и алати за враќање во функција на истата.

Главни задачи и одговорности:

- Сервис,поправка и одржување на преносни компјутери, десктоп и таблет компјутери (сервис на хардверските делови на ниво на електроника)
- Инсталација на оперативни системи (Windows,Linux,IOS,Android)
- Инсталација на услужни програми,антивируси и нивно сетирање
- Инсталација,сетирање и сервисирање на мрежна опрема
- По потреба работа на терен
- Работа со лемна станица и инфраред лемна станица
- Административни активности
- Водење и опслужување на клиентите и координирање на нивните активности

Потребни квалификации:

- Минимум ССС – средно образование
- Познавање на англиски јазик
- Работа со компјутер и интернет (MS Office, Google ....)
- Возачка Б категорија
- Искуство во работење со мерна опрема, лемна станица и инфраред лемна станица
- Познавање на современите ИТ услуги, продукти и технологии
- Поседување на организираност и одговорност кон работните задачи
- Способност за професионална комуникација со клиенти и лојалност кон работодавецот

Работно искуство е задолжително. Потребно е кандидатот да биде посветен со желба за учење на нови технологии.
Ние ви нудиме:

- Работа во професионална,динамична и развојна средина
- Вработување на определен период со можност на неопределно време
- Можност за развивање и континуирано персонално усовршување

Доколку оваа позиција претставува интерес за Вас и сметате дека одговарате на наведените барања испратете го своето CV и актуелна фотографија на следнава email адреса: info@rfix.mk